# Четврт национален кошаркарски турнир на СО Македонија

## - Велес 2007 -




**- press release -**

Скопје, декември 2007 г.

**Специјална Олимпијада**
*Македонија*
*Обезбедување можности за личен развој и социјална интеграција
на лицата со интелектуална попреченост преку спорт*

До

Медиумите во РМ

- Спортска редакција
- Информативна редакција

Бр. 02/957-дп
02 декември 2007

Реф: ***И З В Е С Т У В А Њ Е***

*• Одржан IV Национален кошаркасрки турнир на СО Македонија • Велес 2007*

Почитувани Господа,

Ни причинува особено задоволство да Ве информираме за најновото наше достигнување, одржувањето на долго најавуваниот, четврти по ред, големиот ***Национален кошаркарски турнир на СОМ • Велес 2007***. Со овој турнур практично го одбележувме и Светскиот ден на хендикепот (*3 декекмври*) како што и доликува на една масовна организација како што е Специјалната Олимпијада Македонија.

Имено, вчера (01-12-2007) во спортската сала “Парк” во Велес, пред голем број посетители, 22 тима од целата Република (*поделени во 3 дивизии*) ги одмерија силите во овој спорт, на најубав начин презентирајќи ги своите макотрпно стекнувани индивидуални и тимски вештини и достигнувања. На турнирот зедоа учество околу 320 лица со посебни потреби од кои, во спортскиот дел беа 220 кошаркари,а во културно-забавниот, околу 100-тина атлети на СО Македонија.

Во спортскиот дел, на нашите кошаркари им се приклучија и активна помош им даваа голем број волонтери, стручни лица и кошаркари-аматери од цела Македонија, кои специјално пристигнаа за овој настан од разни краеви на Рапубликата. За одбележевување е и активниот придонес што репрезентацијата на ***ЈУНИОР мини-баскет школата*** им го даваше на сите тимови-учесници за време на целиот турнир.

На тој начин, преку UNIFIED® програмата (*спортисти и партнери*), уште еднаш ја верификувавме заложбата за градење на мостови, а лицата со посебни потребу на најубав начин ги покажаа своите **способности**, презентирајќи ѝ на целата македонска јавност дека не се „лица со посебни потреби” - туку лица со особени способности; рамноправен, интегрален и социјализиран дел од нашето општество.

Со ова, уште еднаш се потврдуваат заложбите на нашата мисија дека со правилна работа, пристап и ангажман, давајќи им шанси, обезбедувајќи им соодветни предуслови, охрабрувајќи ги и мотивирајќи ги да истрајат, лицата со посебни потреби се способни за постигнување на различни резултати, не само на спорстко поле, ами и на секое друго во општествената заедница.

Турнирот го помогнаа неколку фирми и организации од Велес и Републиката (*Жито Вардар, Жито Маркетите, Винаријата СОПОТ, Тевезо и др.*), а покровител беше Агенцијата за млади и спорт на РМ. Секако, турнирот не ќе можеше да се одржи без сесрдната помош и поддршка на Кошаркарската Федерација на Македонија како и волонтерите од локалната заедница - Велес.

Она што е од големо значење и посебно важно на ваквите настани е тоа што покрај спортските активности, атлетите учествуваа и во културно - забавниот и во креативниот дел. Имено, во паузите помеѓу натпреварите присутните ги забавуваа разни изведувачи и балетски групи од локалната заедница и пошироко, членови од

самите клубови на СОМ кои имаа специјално подготвени точки за овој настан, а голем број од лицата со посебни потреби во креативната работилница ги покажуваа своите способности на ова поле изработувајќи различни ракотворби *(цртежи, оригами, предмети од пластелин..)*

Воодушевувањето кај спортистите и другите присутни кулминираше со забавата која само за нив ја приредија нашиот музички амбасадор Дејан Попов и Тринити бендот, Ананбела студиото за балет, а кулминаца достигна настапот на познатата музичка ѕвезда НОНЕ. Тие, заедно со пејачите и играорците од клубовите на СОМ, приредија вистински музичко-забаваен хепениниг на кој атлетите не можеа да одолеат, па сите заедно играа, се забавуваа и се радуваа на освоените медали.

Во спортскиот дел, беше видлив голем напредок во однос на претходните годишни, и во однос на индивидуалните и во однос на тимските достигнувања.

Резултати по групи/дивизии на првопласираните:

**А - Дивизија**

1. СОМ „Браќа Миладиновци” - Куманово
2. СОМ „Ѓорче Петров” - Скопје
3. СОМ „Ветерани” - Скопје

**Б - Дивизија**

1. СОМ „Маца Овчарова” - Веелес
2. СОМ „Малеш” - Берово
3. СОМ „11 Октомври” - Скопје

**В - Дивизија**
**- мажи -**

1. СОМ „Климент Охридски” - Прилеп
2. СОМ „Топанско поле” - Скопје
3. СОМ „Специјален Завод 1” - Демир Капија

**- жени -**

1. СОМ „Порака” - Неготино
2. СОМ „Специјален Завод 2” - Демир Капија
3. СОМ „Топанско поле” - Скопје

Неизмерно е нашето севкупно задоволство дека започната мисија се движи во правилна насока, дека доследно се применува и дека правилно се развива и шири овозможувјќи им правилна социјализација и интеграција на голем број наши сограѓани.

*Ова е уште еден исклучителен чекор напред - уште еден голем успех на Специјалната Олимпијада - Македонија, особено во однос на активната социјализација и интеграција на лицата со посебни потреби.*

Дозволете ми, и во оваа прилика, да ја изразам нашата огромна благодарност

Дејан Попов
*ПР и Маркетинг менаџер*

Специјална Олимпијада-Македонија Special Olympics Macedonia СКОПЈЕ